„Од убавината на исламот – верата на еден човек, е да го остави она што не го засега.“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Од убавината на исламот – верата на еден човек, е да го остави она што не го засега.“

[قال النووي: حديث حسن] [رواه الترمذي وغيره]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, појаснил дека дел од совршенството на убавината на исламот на муслиманот и од потполноста на неговиот иман е оддалечувањето од она што не го засега, не го допира, не го интересира и не му носи корист – било тоа да се зборови или дела, или пак нешта што не се однесуваат на него, во верата или во дуњалукот. Причината е дека занимавањето со она што не е негова работа може да го одврати од она што навистина го засега, или да го одведе кон нешто што е должен да го избегнува. Навистина, човекот ќе биде одговорен за своите дела на Судниот ден.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65255